**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за финансиски прашања** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Раководител на Сектор за финансиски прашања** |

# ПРЕДЛОГ – БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# за 2023 година

Скопје, јануари 2023

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 5/2002) и член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Град Скопје на ____________ седница одржана на ____________ донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2023 година**

| Ред. број | Активност | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1 | Советот на Град Скопје го усвојува буџетскиот календар | до 31 март |
| 2 | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови  до сите сектори и буџетски корисници | до 10 мај |
| 3 | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | најдоцна до 10 јули |
| 4 | Секторите доставуваат предлог на план за програми за развој со комплетна проектна и техничка документација | најдоцна до 10 јули |
| 5 | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува градоначалникот за основните параметри | до 31 август |
| 6 | Министерство за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 7 | Се подготвува Предлог-План на програми за развој и се доставува до Советот на одобрување | до 20 октомври |
| 8 | Советот го одобрува Предлог-Планот на програми за развој и истиот станува составен дел на Предлог-Буџетот | најдоцна до 15 ноември |
| 9 | Градоначалникот доставува Предлог буџет до Советот на Град Скопје | најдоцна до 10 декември |
| 10 | Советот на Град Скопје го усвојува Предлог буџетот на Град Скопје | најдоцна до 31 декември |

Буџетскиот календар за 2023 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје„.

Број _________________
______ 2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Буџетскиот календар за 2023 година е изготвен согласно член 27 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22).

Со буџетскиот календар за 2023 година се утврдуваат роковите за планирање на Буџетот на Град Скопје за 2024 година, во рамки на роковите утврдени во Законот за буџетите и Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа, како и спецификите на Градот Скопје и се дефинираат потребните рокови за преземање на сите дејствија кои претставуваат пропратен и задолжителен елемент во процесот на подготовка и донесување на Буџетот на Град Скопје, во законски утврдените рокови.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да го донесе предложениот Буџетски календар за 2023 година.